# АКЦИСКИ ПЛАН

**ЗА**

**ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

**ЗА ПЕРИОДОТ 2015 – 2017 ГОДИНА**

**април, 2015 година**

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД....3

Одговорот на сегашните и идните потреби за социјална заштита на граѓаните на општина Струмица е дефиниран во Стратегијата за социјална заштита на граѓаните на Општина Струмица 2015 – 2020. Стратегијата содржи дефинирана визија, водечките принципи за нејзината имплементација, како и стратешките приоритети и мерки за постигнување на зацртаната визија, кои се прикажани на Стратешката карта за социјална заштита која претставува приказ на причинско-последичната поврзаност во постигнувањето на визијата. Односите во спроведувањето на Стратегијата се дадени низ четирите перспективи:....3

• Задоволни граѓани;....3

• Обезбедување услуги;....3

• Развој на капацитетите и....3

• Управување со буџетот....3

Стратешките приоритети (цели) се дефинирани врз основа на темелни анализи на секоја перспектива посебно (стратегиите)....3

ЦЕЛИ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН....4

АКТИВНОСТИ ВО АКЦИСКИОТ ПЛАН....4

ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН....21

МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА....22

## ВОВЕД

Одговорот на сегашните и идните потреби за социјална заштита на граѓаните на општина Струмица е дефиниран во *Стратегијата за социјална заштита на граѓаните на Општина Струмица 2015 – 2020*. Стратегијата содржи дефинирана визија, водечките принципи за нејзината имплементација, како и стратешките приоритети и мерки за постигнување на зацртаната визија, кои се прикажани на Стратешката карта за социјална заштита која претставува приказ на причинско-последичната поврзаност во постигнувањето на визијата. Односите во спроведувањето на Стратегијата се дадени низ четирите перспективи:

- Задоволни граѓани;
- Обезбедување услуги;
- Развој на капацитетите и
- Управување со буџетот.

Стратешките приоритети (цели) се дефинирани врз основа на темелни анализи на секоја перспектива посебно (стратегиите).

**СТРАТЕШКА КАРТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА СТРУМИЦА 2015–2020**



## ЦЕЛИ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН

Главната цел на овој Акциски план е да развие клучни активности кои треба да се спроведат за да се обезбеди успешна имплементација на Стратегијата. Заедно, Стратегија и Акцискиот план ќе бидат основните алатки кои ќе ја водат Општина Струмица низ процесите на социјалната заштита на нејзините граѓани и постигнување на визијата која гласи: *„Струмица – општина во која граѓаните се социјално заштитени и рамноправни во добивањето на услугите*.“

Акцискиот план ги дефинира активностите за развој на социјалната заштита кои треба да се преземат во периодот на спроведувањето на Стратегијата, т.е. 2015 до 2017 година. Спроведувањето на Стратегијата во овој временски период се заснова врз критериумите на приоритетна потреба и реалистичност за можностите за пристап до финансиски средства за реализација на активностите согласно предвидениот буџет на Општината и другите извори на финансирање. Притоа, дел од дефинираните активности ќе бидат започнати и завршени во предвидената временска рамка, додека дел од нив ќе започнат во овој временски период, но нивната целосна реализација ќе биде завршена во периодот предвиден за спроведување на Стратегијата (2020). За таа цел, кон крајот на 2017 година ќе се изработи акциски план за периодот 2018 – 2020 година.

Поради фактот дека овој акциски план е проектиран врз основа на претпоставени капацитети и достапни финансиски средства, постои реална можност дел од дефинираните активности, иако наведени, да не бидат реализирани во периодот на важност на овој документ. Доколку постојат основа и услови за нивна реализација, тие ќе бидат префрлени во следниот акциски план 2018 - 2020.

Спроведувањето на Акцискиот план на годишно ниво ќе се одвива преку годишните програми на Секторот за социјална заштита на Општина Струмица. Во овие програми, активностите предложени во Акцискиот план дополнително ќе бидат разработени во проекти кои јасно ќе ги дефинираат проектните цели и очекувани разултати, индикаторите, потребните трошоци и одговорните субјекти за нивната реализација. При дефинирањето на индикаторите, ќе се внимава да се дефинираат родово одговорни индикатори, онаму каде проектните цели дозволуваат.

Рамката на Акцискиот план е изработена по изготвувањето на *Стратегијата за социјална заштита на граѓаните на Општина Струмица 2015 – 2020 година*. Процесот на акциското планирање се изведе во соработка со заинтересираните страни – учесници на планирачките сесии (работилници) – и низ процес на јавни расправи и консултации со надлежните структури во Општина Струмица.

## АКТИВНОСТИ ВО АКЦИСКИОТ ПЛАН

Дефинираните активности ја дооформуваат Стратегијата, а со нивната реализација, таа се исполнува. Тие се конкретни акции кои се дизајнирани и кои треба да се преземат во рамки на мерките, а со намера да се постигнат стратешките приоритети (цели) во секоја од четирите перспективи. Активностите се мошне

разновидни поради фактот што дефинираните стратешки приоритети се комплексни и може да бидат постигнати единствено преку преземање мноштво најразлични чекори.

Во основа, активностите изискуваат човечки, технички и материјални ресурси за нивно реализирање.

Во процесот на идентификување на активностите претставени во Акцискиот план, беа земени предвид следниве фактори:

- Да се однесуваат на идентификуваните мерки од Стратегијата. Потребата активноста да биде јасно идентификувана и изразена од заинтересираните страни.
- Спроведувањето на активноста да биде поддржано од заинтересираните страни и партнери во процесот на имплементација.
- Активноста да има влијание врз развојот на социјалната заштита. Влијанието на активноста треба да биде артикулирано во форма на индикатор (показател) кој ќе го мери самото влијание во текот на времето.
- Активностите да бидат реалистични и остварливи од технички и финансиски аспект.
- Активностите да бидат поврзани и меѓусебно да се поддржуваат. Тие треба да бидат компатибилни меѓу себе и да создадат заемно прифатливи и добитни решенија
- . Овозможување на еднаков пристап до и еднакви придобивки од активностите за жените и мажите во општината.

# АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА ПЕРИОДОТ 2015 – 2017 ГОДИНА

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОПШТИНА: Струмица** | | | | | |
| **ОБЛАСТ: Социјална заштита** | | | **ПЕРСПЕКТИВА: Задоволни граѓани** | | |
| **Приоритет:** ЗГ 1. Воспоставување еднаков пристап до социјалните услуги за сите ~~граѓани~~мажи и жени во општината | | **Показател 1.1** Задоволство на граѓаните од пристапот до социјалните услуги | | | |
| | | **Почетна вредност:** нема податоци | **Целна вредност:** 65% | | |
| | | **Показател 1.2** Иницијативи за законски измени доставени до ЗЕЛС | | | |
| | | **Почетна вредност:** 0 | **Целна вредност:** минимум 2 | | |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| 1.1 Дефинирање на принципите на еднаквост во пристапот до социјалните услуги на локално ниво | 1. Тркалезна маса за дефинирање на принципите на еднаквост | 1. Број на одржани настани<br>2. Број на дефинирани принципи на еднаквост | септември – ноември 2015 | 30.000 ден. општински буџет | ЛЕР, НВО, Центар на заедницата - Струмица |
| | 2. Изработка на документ – Принципи на еднаквост и еднакви можности | 1. Изработен документ<br>2. Измени во Статутот на општината | декември – февруари 2015–2016 | 60.000 ден. општински буџет | ЛЕР, НВО, Центар на заедницата - Струмица |
| | 3. Објавување на документот преку гласилата на Општината | 1. Објава на веб-страница, известување за медиуми | февруари 2016 | Не се потребни финансиски средства | ЛЕР |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| 1.2 Изработка на регистар на социјални услуги | 1. Мапирање на ранливите групи и нивните потреби, ставајќи ја родовата рамноправност како хоризонтална димензија на анализата | 1. Социјална мапа на општина Струмица | септември – декември 2015 – 2016 | 30.000 ден. Центар на заедницата и Општина Струмица | ЛЕР, Центар на заедницата - Струмица |
| | 2. Дефинирање минимално ниво на услуга за секоја ранлива група | 1. Средба за дискусија за социјалните услуги | мај 2016 | Не се потребни финансиски средства | ЛЕР |
| | 3. Изработка на документ, регистар на социјални услуги (список, процедури и | 1. Финализиран регистар на социјални услуги | до декември 2016 | Не се потребни финансиски средства | ЛЕР |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОПШТИНА: Струмица** | | | | | |
| **ОБЛАСТ: Социјална заштита** | | | **ПЕРСПЕКТИВА: Задоволни граѓани** | | |
| **Приоритет:** ЗГ 1. Воспоставување еднаков пристап до социјалните услуги за сите ~~граѓани~~мажи и жени во општината | | **Показател 1.1** Задоволство на граѓаните од пристапот до социјалните услуги | | | |
| | | **Почетна вредност:** нема податоци | **Целна вредност:** 65% | | |
| | | **Показател 1.2** Иницијативи за законски измени доставени до ЗЕЛС | | | |
| | | **Почетна вредност:** 0 | **Целна вредност:** минимум 2 | | |
| | приоретизација до 2020) | | | | |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| 1.3 Лобирање за прецизна законска регулатива за испораката на социјални услуги на локално ниво | 1. Дискусија за проблемите од областа на испораката на социјалните услуги на локално ниво | 1. Список на теми и прашања | октомври – ноември 2015 | Не се потребни финансиски средства | Тим за социјална заштита |
| | 2. Дискусија за предложените теми на седница на Советот на Југоисточниот плански регион | 1. Дискусија на ниво на плански регион – записник | февруари – март 2015 | Не се потребни финансиски средства | Тим за социјална заштита, градоначалник |
| | 3. Предлог до ЗЕЛС за дискусија за предложените прашања и заземање став | 1. Предлог ставен за дискусија во телата на ЗЕЛС | март – мај 2016 | Не се потребни финансиски средства | Тим за социјална заштита |

<table>
<tr><td colspan="3">ОПШТИНА: Струмица</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="3">ОБЛАСТ: Социјална заштита</td><td colspan="3">ПЕРСПЕКТИВА: Задоволни граѓани</td></tr>
<tr><td colspan="2" rowspan="4">Приоритет: ЗГ 2. Воведување нови технологии за подобри услуги и информации</td><td colspan="4">Показател 2.1 Број на ИКТ алатки во функција на социјалната заштита</td></tr>
<tr><td>Почетна вредност: нема податоци</td><td colspan="3">Целна вредност: минимум три (3) вида</td></tr>
<tr><td colspan="4">Показател 2.2 Задоволство на ранливите граѓани од функционалноста на социјалната инфраструктура</td></tr>
<tr><td>Почетна вредност: нема податоци</td><td colspan="3">Целна вредност: минимум 65%</td></tr>
<tr><td>Мерки/Иницијативи</td><td>Активности</td><td>Показател за активноста:</td><td>Период на имплементација:</td><td>Финансиски износ/извор:</td><td>Одговорен за имплементација:</td></tr>
<tr><td rowspan="4">2.1 Воведување ИКТ алатки и системи за поддршка на социјалната заштита на граѓаните</td><td>1. Компјутерско студио за лицата со посебни потреби</td><td>1. Функционално компјутерско студио</td><td>јуни 2016 – јуни 2017</td><td>600.000 ден., донатори</td><td>Тим за социјална заштита</td></tr>
<tr><td>2. Општинската веб-страница приспособена на лицата со посебни потреби</td><td>1. Функционална веб-страница со звучна поддршка</td><td>јануари 2016</td><td>30.000 ден.<br>буџет + донатори</td><td>Одговорен за ИТ при Одделение за правни и општи работи – тим за социјална заштита</td></tr>
<tr><td>3. Телефонски сервиси</td><td>1. Минимум 2 функционални сервиса</td><td>континуирано 2015 – 2020</td><td>1.500.000 ден. фондови на ЕУ и други фондови</td><td>Тим за социјална заштита, Одделение за меѓународна соработка и фондови на ЕУ</td></tr>
<tr><td>4. Социјалните мрежи во функција на полесен пристап до услуги</td><td>1. Изработена интернет-платформа</td><td>континуирано 2015 – 2017</td><td>Не се потребни финансиски средства</td><td>Тим за социјална заштита</td></tr>
<tr><td>Мерки/Иницијативи</td><td>Активности</td><td>Показател за активноста:</td><td>Период на имплементација:</td><td>Финансиски износ/извор:</td><td>Одговорен за имплементација:</td></tr>
<tr><td rowspan="3">2.2 Приспособување и осовременување на општинската инфраструктура според потребите на ранливите групи граѓани</td><td>1. Снимање на состојбата на јавните простори и идентификување ризични точки</td><td>1. Изработена Анализа на состојбата на јавните простори, од аспект на ранливи групи граѓани</td><td>јануари – февруари 2016</td><td>Не се потребни финансиски средства</td><td>Тим за социјална заштита</td></tr>
<tr><td>2. Приспособување на спортски терени за спортување на лицата со посебни потреби</td><td>1. Минимум 1 комплетирано приспособување</td><td>2017</td><td>90.000 ден. донатори, буџет на Општината</td><td>Тим за социјална заштита</td></tr>
<tr><td>3. Финансиска помош за приспособување на</td><td>1. Минимум 2 приспособувања годишно</td><td>2017</td><td>120.000 ден. буџет на</td><td>Тим за социјална</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОПШТИНА: Струмица** | | | | | |
| **ОБЛАСТ: Социјална заштита** | | | **ПЕРСПЕКТИВА: Задоволни граѓани** | | |
| **Приоритет:** ЗГ 2. Воведување нови технологии за подобри услуги и информации | | **Показател 2.1** Број на ИКТ алатки во функција на социјалната заштита | | | |
| | | **Почетна вредност:** нема податоци | **Целна вредност:** минимум три (3) вида | | |
| | | **Показател 2.2** Задоволство на ранливите граѓани од функционалноста на социјалната инфраструктура | | | |
| | | **Почетна вредност:** нема податоци | **Целна вредност:** минимум 65% | | |
| | индивидуалните живеалишта на лицата со посебни потреби | | | Општината | заштита |
| | 4. Годишна ревизија на активностите според резултатите од социјалната мапа и анализа на состојбата на јавните простори | 1. Извршена ревизија и приспособување на активностите предвидени со Програмата за социјална заштита (или ЛЕР) и Акцискиот план за социјална заштита<br>Целта на ваквите годишни ревизии е да се следи континуитетот во имплементацијата на проектите заради зајакнување на одржливоста и притоа да се вклучат и оценат и минатите проекти. | 2016 – 2017 | Не се потребни финансиски средства | Годишна ревизија според резултатите од социјалната мапа |

<table>
<tr><td colspan="4">ОПШТИНА: Струмица</td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="4">ОБЛАСТ: Социјална заштита</td><td colspan="4">ПЕРСПЕКТИВА: Обезбедување услуги</td></tr>
<tr><td colspan="2" rowspan="5">Приоритет: ОУ 1. Функционална општинска структура за испорака на услуги од областа на социјалната заштита</td><td colspan="6">Показател 1.1 Организациска поставеност на испораката на услуги од социјална заштита</td></tr>
<tr><td>Показател (почетна вредност):<br>Активности во рамки на ЛЕР</td><td colspan="5">Целна вредност:<br>Формирана организациска единица за социјала</td></tr>
<tr><td colspan="6">Показател 1.1 Број на локални институции за социјална заштита</td></tr>
<tr><td>Показател (почетна вредност): нема податоци</td><td colspan="5">Целна вредност: минимум 4</td></tr>
<tr></tr>
<tr><td>Мерки/Иницијативи</td><td>Активности</td><td>Показател за активноста:</td><td>Период на имплементација:</td><td>Финансиски износ/извор:</td><td colspan="3">Одговорен за имплементација:</td></tr>
<tr><td rowspan="3">1.1 Дефинирање на организацискиот пристап и институционалните форми</td><td>1. Документ за анализа на опциите за организациска структура за СЗ</td><td>1. Финализиран документ – Анализа на опциите за организациска структура за СЗ</td><td>септември – октомври 2017</td><td>Не се потребни финансиски средства</td><td colspan="3">Сектор за управување со човечки ресурси и обуки,<br>ЛЕР</td></tr>
<tr><td>2. Интерна дискусија за предложените опции</td><td>1. Консултативни состаноци со градоначалникот, секретарот, раководителите на сектори итн.</td><td>октомври 2017</td><td>Не се потребни финансиски средства</td><td colspan="3">Сектор за управување со човечки ресурси и обуки,<br>ЛЕР</td></tr>
<tr><td>3. Одлука за организациската форма на СЗ и измена на систематизацијата на работни места</td><td>1. Донесена одлука од страна на Совет на о. Струмица<br>2. Променета систематизација на работните места</td><td>октомври –- декември 2017</td><td>Не се потребни финансиски средства</td><td colspan="3">Сектор за управување со човечки ресурси и обуки,<br>градоначалник,<br>Совет на Општина Струмица</td></tr>
<tr><td>Мерки/Иницијативи</td><td>Активности</td><td>Показател за активноста:</td><td>Период на имплементација:</td><td>Финансиски износ/извор:</td><td colspan="3">Одговорен за имплементација:</td></tr>
<tr><td rowspan="2">1.2 Адаптирање на критериумите на фондот Социјална заштита – поддршка на граѓански</td><td>1. Редефинирање на критериумите за видови на поддржани проекти – предлог</td><td>1. Предлог-документ со нови критериуми</td><td>февруари 2016</td><td>Не се потребни финансиски средства</td><td colspan="3">Тим за социјална заштита</td></tr>
<tr><td>2. Дискусија за предлог-критериумите со внатрешни и</td><td>1. Консултативни состаноци<br>2. Тркалезна маса</td><td>март 2016</td><td>Не се потребни</td><td colspan="3">Тим за социјална заштита</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОПШТИНА: Струмица** | | | | | |
| **ОБЛАСТ: Социјална заштита** | | | **ПЕРСПЕКТИВА: Обезбедување услуги** | | |
| **Приоритет:** ОУ 1. Функционална општинска структура за испорака на услуги од областа на социјалната заштита | | **Показател 1.1** Организациска поставеност на испораката на услуги од социјална заштита | | | |
| | | **Показател (почетна вредност):** Активности во рамки на ЛЕР | **Целна вредност:** Формирана организациска единица за социјала | | |
| | | **Показател 1.1** Број на локални институции за социјална заштита | | | |
| | | **Показател (почетна вредност):** нема податоци | **Целна вредност:** минимум 4 | | |
| | надворешни фактори | | | финансиски средства | |
| *организации* заради стимулирање на финансирани и кофинансирани проекти | 2. Одобрување од страна на градоначалникот | 1. Одлука | април 2016 | Не се потребни финансиски средства | Тим за социјална заштита, градоначалник, Совет |
| | 3. Започнување на имплементацијата за 2016 – 2017 | 1. Имплементација според новите критериуми | јуни 2016 | Според буџет | Тим за СЗ |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| 1.3 Испорака на постојни и нови услуги преку партнерства | 1. Годишни програми за СЗ, со вклучување надворешни партнери во согласност со Социјална карта , регистар на услуги и други анализи | 1. Број на изготвени програми<br>2. Дополнувања во согласност со Социјалната карта | годишно | Буџет на о. Струмица | Тим за СЗ |
| | 2. Систем за следење на квалитетот на испораката на услуги од страна на партнерските организации | 1. Воведен систем на следење и евалуација | 2015 – 2017 | 40.000 ден. буџет на о. Струмица | Сектор за управување со човечки ресурси и обуки, Одделение за внатрешна ревизија |

| **ОПШТИНА:** **Струмица** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОБЛАСТ:** **Социјална заштита** | | | **ПЕРСПЕКТИВА:** **Обезбедување услуги** | | |
| **Приоритет: ОУ 2. Општинска меѓуинституционална мрежа за соработка во областа на социјалната заштита** | **Показател:** 1.1 Број на остварени партнерства со кофинансирање | | | | |
| | **Почетна вредност:** 1 | | **Целна вредност:** Минимум 3 | | |
| | **Показател:** 1.2 Број на делегирани надлежности од областа на СЗ | | | | |
| | **Почетна вредност:** 1 | | **Целна вредност:** Минимум 2 | | |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| 2.1 Општинска мрежа за соработка | 1. Востановување на мрежата, членството и целите | 1. Средба за востановување – записник | октомври 2015 | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ, Центар на заедницата |
| | 2. Јакнење и координација на членовите на мрежата | 1. Организирање 4 средби годишно – записник | октомври 2015 – 2017 | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ, Центар на заедницата |
| | 3. Поттикнување на заеднички проекти како главна цел на мрежата | 1. Список на проектни идеи | 2016 – 2017 | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ, Центар на заедницата |
| | 4. Воспоставување систем за комуникација и размена на информации (мејлинг листа, ФБ...) | 1. Размена на информации | 2015 – 2017 | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ, Центар на заедницата |
| | 5. Награда „Општинско знаме за социјални услуги“ | 1. Доделена награда | 2015 – 2017 | 60.000 ден. буџет на Општината, | Совет на о. Струмица |
| | 6. Формирање „клубови за поддршка“ | 1. Број на формирани клубови | 2015 – 2017 | спонзорства | Тим за СЗ, НВО |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| 2.2 Делегирање надлежности | 1. Пилот-проект за делегирање надлежност од социјалната заштита | 1. Концепт за пилот-проектот<br>2. План за спроведување<br>3. Имплементирано делегирање надлежност | 2016 | Надворешни – проектни средства | Тим за СЗ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОПШТИНА: Струмица** | | | | | |
| **ОБЛАСТ: Социјална заштита** | | | **ПЕРСПЕКТИВА: Обезбедување услуги** | | |
| **Приоритет: ОУ 2. Општинска меѓуинституционална мрежа за соработка во областа на социјалната заштита** | **Показател:** 1.1 Број на остварени партнерства со кофинансирање | | | | |
| | **Почетна вредност:** 1 | | **Целна вредност:** Минимум 3 | | |
| | **Показател:** 1.2 Број на делегирани надлежности од областа на СЗ | | | | |
| | **Почетна вредност:** 1 | | **Целна вредност:** Минимум 2 | | |
| | | | | | |
| | 2. Оценување на успешноста на пилот-проектот | 1. Сесија за дискусија и оценка<br>2. Извештај со препораки | 2017 | Надворешни – проектни средства | Тим за СЗ |
| | 3. Репликација на пилот-проектот | 1. Концепт за делегирање<br>2. План за спроведување<br>3. Имплементирано делегирање надлежност | 2017 | Надворешни – проектни средства | Тим СЗ |

| **ОПШТИНА:** **Струмица** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОБЛАСТ: Социјална заштита** | | | **ПЕРСПЕКТИВА: Развој на капацитетите** | | |
| **Приоритет: РК 1. Градење постојано мотивиран и иновативен тим** | **Показател:** 1.1 Број на обуки | | | | |
| | **Почетна вредност:** 0 | | **Целна вредност:** 2 годишно | | |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| 1.1 Воспоставување систем за континуирана професионална надградба | 1. Анализа на потребите за обуки од областа на локалната испорака на социјални услуги | 1. Документ – изработена анализа | 2015 – 2016 | Не се потребни финансиски средства | Центар на заедницата |
| | 2. План за обуки | 2. Документ – план за обуки | 2015 – 2016 | Не се потребни финансиски средства | Центар на заедницата |
| | 3. Имплементација на планираните обуки | 3. Настани – извештаи | 2 настана годишно 2016 – 2017 | 45.000 ден. ЦЗ Струмица | Центар на заедницата |
| 1.2. Развој на иновативни пристапи кон давањето на социјалните услуги | 1.Вмрежување на Тимот за СЗ со тимови од регионот на Југоисточна Европа и Европска Унија | 1. Конференции<br>2. Посети<br>3. Формални времжувања | 2016-2017 | | Тим за СЗ |
| | 2.Студиска посета за организација на испорака на локални социјални услуги преку партнерства | 1. Реализирана студиска посета | 2016 | 300.000 ден Надворешни – проектни средства | Тим за СЗ |
| | 3.Следење на странска литература и новости | 1. Претплата на електронски списанија | 2015-2017 | 12.000 Буџет на о. Струмица | Тим за СЗ |
| 1.5. Меѓусекторска координација во рамките на општинската администрација | 1. Квартални средби со сите раководители на сектори | 1. Број на одржани средби<br>2. Листа на присутни, записник | 2015-2017 | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ |
| | 2. Редовни квартални средби на Тимот за СЗ со претставници од локалните институции (градинки итн) , урбаните и | 1. Број на одржани средби<br>2. Листа на присутни, записник | 2015-2017 | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ |

| ОПШТИНА: Струмица | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОБЛАСТ: Социјална заштита** | | | **ПЕРСПЕКТИВА: Развој на капацитетите** | | |
| **Приоритет: РК 1. Градење постојано мотивиран и иновативен тим** | | **Показател:** 1.1 Број на обуки | | | |
| | | **Почетна вредност:** 0 | **Целна вредност:** 2 годишно | | |
| | руралните средини и сл. | | | | |
| | 3. Годишна презентација на Програмата за СЗ и Акцискиот план за СЗ | 1. Презентација | октомври секоја година | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ |

| ОПШТИНА: Струмица | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОБЛАСТ: Социјална заштита** | | | **ПЕРСПЕКТИВА: Развој на капацитетите** | | |
| **Приоритет:РК 2. Знаења и вештини за имплементација на партнерства** | **Показател:** 2.1 Број на реализирани меѓуинституционални активности | | | | |
| | **Почетна вредност:** 0 | | **Целна вредност:** 8 | | |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| 2.1 Градење организациска култура за работа и соработка со мрежи и широки партнерства | 1. Еднодневно советување со постојни партнери за споделување добри и лоши искуства | 1. Работилница – записник | средина на 2016 | 30.000 ден. о. Струмица | Тим за СЗ |
| | 2. Интерен водич (насоки за услуги) | 1. Изработен документ | средина на 2016 | 60.000 ден. проект | Тим за СЗ |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| 2.2 Обучување на вработените на теми поврзани со склучувањето партнерски договори и управувањето со нив | 1. Специфични обуки за контракт менаџмент | 1. Минимум 2 обуки | средина на 2016 | 90.000 ден. донатори | Тим за СЗ |
| | 2. Специфични обуки за мониторинг на спроведувањето на партнерствата | 1. Минимум 2 обуки | средина на 2016 | 90.000 ден. донатори | Тим за СЗ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОПШТИНА: Струмица** | | | | | |
| **ОБЛАСТ: Социјална заштита** | | | **ПЕРСПЕКТИВА: Развој на капацитетите** | | |
| **Приоритет: РК 3. Знаења за можностите и програмите за надворешно финансирање на надлежноста** | **Показател:** 3.1 Број на проектни идеи | | | | |
| | **Почетна вредност:** 0 | | **Целна вредност:** 10 | | |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| 3.1 Обучување на вработените за расположливите *средства од* ЕУ, ИПА и за други можности за поддршка | 1. Обуки за програми на ЕУ | 1. Минимум 1 годишно | континуирано, според можностите | 90.000 ден. донатори | Тим за СЗ, Одделение за меѓународна соработка и фондови на ЕУ |
| | 2. Редовна посета на отворени денови на повиците за финансирање на проекти | 1. Учество на отворени денови | континуирано | 90.000 ден. донатори | Тим за СЗ, Одделение за меѓународна соработка и фондови на ЕУ |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| 3.2 Дизајнирање проектни идеи за привлекување финансии | 1. Работилница за собирање на проектни идеи | 1. Настан – записник | годишно | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ |
| | 2. Изработка на проектни картички | 1. Минимум 3 картички годишно | годишно | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОПШТИНА: Струмица** | | | | | |
| **ОБЛАСТ: Социјална заштита** | | | **ПЕРСПЕКТИВА: Управување со буџетот** | | |
| **Приоритет: УБ 1. Зголемување на вонбуџетските финансиски извори за социјална заштита** | **Показател:** 1.1 Соодност на буџетски наспрема небуџетски средства за СЗ | | | | |
| | **Почетна вредност:** нема податоци | | **Целна вредност:** 2:1 | | |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| 1.1 Воспоставување систем/политика за кофинансирање проекти и активности со бизнис-секторот и невладиниот сектор (ЈПП) | 1. Адаптирање на буџетското планирање | 1. Интерна политика (или принципи) за кофинансирање проекти | од септември 2015 | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ во соработка со Секторот за финансиски прашања |
| | 2. Започнување на имплементацијата на новиот систем на кофинансирање | 1. Број на поднесени проекти | 2016 | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ во соработка со Секторот за финансиски прашања |
| | 3. Проверка на ефектите од новиот систем на кофинансирање | 1. Соодност на финансирани и кофинансирани проекти | 2017 | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ во соработка со Секторот за финансиски прашања |
| | 4. Поддршка на ЛЕС и мрежата (мерка 2.1) за промовирање партнерства | 1. Нови партнерства | 2015 – 2017 | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ во соработка со Секторот за финансиски прашања |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| 1.2 Користење на фондовите на ЕУ | 1. Систем за следење и известување за повици од фондови на ЕУ | 1. Договорен систем за следење во координација со другите одделенија | 2016 – 2018 | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ, Сектор за меѓународна соработка |
| | 2. Подготовка на техничка документација по повици | 1. Изготвена техничка документација | 2016 – 2018 | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ, Сектор за меѓународна соработка |
| | 3. Аплицирање за фондови на ЕУ | 1. Број на поднесени и реализирани проекти | 2016 – 2018 | донатор | Тим за СЗ, Одделение за меѓународна соработка и фондови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОПШТИНА: Струмица** | | | | | |
| **ОБЛАСТ: Социјална заштита** | | | **ПЕРСПЕКТИВА: Управување со буџетот** | | |
| **Приоритет: УБ 1. Зголемување на вонбуџетските финансиски извори за** | **Показател:** 1.1 Сооднос на буџетски наспрема небуџетски средства за СЗ | | | | |
| | **Почетна вредност:** нема податоци | | **Целна вредност:** 2:1 | | |
| | | | | | на ЕУ |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| 1.3 Воспоставување стимулативна даночна политика за партнерства и активности во областа на социјалната заштита | 1. Изготвување политика | 1. Документ – политика за даночно стимулирање | 2016 | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ, Сектор за финансиски прашања |
| | 2. Одобрување процедура | 1. Одлука | 2016 | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ, Сектор за финансиски прашања |
| | 3. Имплементација | 1. Број на фирми кои ја користат стимулацијата | 2016 | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ, Сектор за финансиски прашања |

| ОПШТИНА: Струмица | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОБЛАСТ: Социјална заштита** | | | **ПЕРСПЕКТИВА: Управување со буџетот** | | |
| **Приоритет: УБ 2. Имплементација на инвестициските вложувања за социјална заштита** | **Показател:** 2.1 Број на реализирани проекти | | | | |
| | **Полетна вредност:** н/а | | **Целна вредност:** 4 | | |
| Мерки/Иницијативи | Активности | Показател за активноста: | Период на имплементација: | Финансиски износ/извор: | Одговорен за имплементација: |
| 2.1 Интегрирање на потребите на ранливите групи во општинското развојно планирање | 1. Развој на програма за шелтер центар за 2015 | 1. Документ | 2015 | 10.000 ден. | Тим за СЗ |
| | 2. Предлагање развојни програми од социјалната заштита во буџетот | 1. Најмалку 2 | 2016 – 2017 | Не се потребни финансиски средства | Тим за СЗ, Сектор за финансиски прашања |

## ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН

Акцискиот план може да се финансира со средства од буџетот на Општина Струмица, средства од буџетот на Министерството за труд и социјална политика, средства од бизнис-заедницата, средства од ИПА и другите фондови на ЕУ и преку дополнителна финансиска помош и поддршка обезбедени преку финансирање проектни активности од страна на други национални и меѓународни институции и организации.

Покрај финансиските средства кои ќе бидат одобрени од страна на Советот на Општина Струмица, дополнителни финансиски средства за финансирање на активностите и проектите кои ќе произлезат од овој акциски план ќе се бараат од следниве извори:

| **Финансиска програма** | **Институција** |
|---|---|
| Финансирање на проекти | Министерство за труд и социјална политика<br>донаторите во РМ |
| Реконструкција и ревитализација на опрема | Министерство за образование и наука<br>донаторите во РМ |
| Различни програми и проекти | Влада на РМ |
| Инфраструктура | Министерство за транспорт и врски<br>Министерство за труд и социјална политика<br>донатори и финансиски институции во РМ |
| Фондови на ЕУ, вклучително ИПА 1 и 2 | Европска комисија и Централното одделение за финансирање и договори (CFCD - Central Finance and Contracting Department) |
| Различни типови проекти | донаторите во РМ |
| Кредитни линии за општината | на пр. Проектот за подобрување на општинските услуги (Светска банка) |

## МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

*Спроведувањето* на Акцискиот план за социјална заштита ќе го врши градоначалникот во соработка со локалната администрација. Извршувањето на Акцискиот план ќе се спроведува преку годишни програми изработени од страна на одговорните државни службеници и одобрени од страна на Советот на општината.

*Реализацијата* на Акцискиот план се следи преку извештаи, дискусии, комуникација, ажурирање и дејствување. Извештаите се изготвуваат квартално, по определен редослед. Во текот на годината, релевантните општински раководители имаат редовни тематски тримесечни средби со вработените, градоначалникот и другите раководители на одделенија/сектори на кои се разгледуваат тековните моменти од спроведувањето на Акцискиот план, се дискутираат постигнатите резултати и индикатори за сите активности, проекти и програми во тековната година. Со овој процес се овозможуваат континуирано следење и контрола на Акцискиот план во текот на периодот за неговата имплементација, а во исто време е овозможено оценување на спроведувањето на планираните активности и мерки.

*Мерењето* на спроведувањето на Акцискиот план ќе се изведува на сите нивоа на спроведување за кои се утврдени индикаторите, поточно, на нивоата на стратешките приоритети, мерки и активности.

*Следењето* (контролата) на извршувањето на Акцискиот план ќе го вршат Советот на Општина Струмица и градоначалникот преку редовно следење на процесите на имплементација и годишните извештаи изработени од релевантните одделенија и сектори во Општината.

*Евалуацијата* на спроведувањето на Акцискиот план е со цел да се утврди степенот на реализација на дефинираните активности и дали и до кој степен се јавиле предизвици/проблеми во спроведувањето. Прецизната оценка на спроведувањето ќе даде јасни насоки во однос на понатамошното управување со спроведувањето на Акцискиот план. Евалуацијата ќе се реализира по завршувањето на имплементацијата на одреден збир поврзани активности, со цел да се измери нивното пошироко влијание, а во контекст на исполнување на стратешките приоритети и постигнување на визијата на Стратегијата. Освен претставувањето на резултатите постигнати во претходниот период, извештајот од евалуацијата треба да даде осврт и на планираните мерки и активности за следниот период. Извештајот треба да содржи доволно информации за реализираните и тековните активности, анализи и податоци за индикаторите на претходните и тековните активности, за постигнувањето на стратешките приоритети, а во исто време, и информации за планираните активности и начините за нивна реализација. Вака структурираниот извештај ќе овозможи општинските органи (Советот на општината и градоначалникот) да можат да дадат став за реализираното и насоки и инструкции за планот во наредните години.